**20211672775**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 15 став (7) од Законот за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 јули 2021 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАТУС НА СТРАТЕШКИ ИНВЕСТИЦИОНЕН ПРОЕКТ

Член 1

Со оваа одлука проектот„Фабрика за производство на зелена енергија“ на правното лице Друштво за трговија и услуги ЗОКА ЕНЕРЏИ СОЛУШН увоз - извоз ДООЕЛ НЕГОТИНО, со седиште на ул. Антон Пеган бр.8 Неготино, со ЕМБС 7424299 и ЕДБ 4019020509365, поднесен со Барање за добивање на статус на стратешки инвестиционен проект со бр. 0301/06/2-2020 од 24 јуни 2020 година, по објавен јавен повик на 2.5.2020 година, се утврдува со статус на стратешки инвестиционен проект.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-7758/1
19 јули 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.